24.10.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, за текстот насловен „Се уништува семејството, се наметнува перверзија и нихилизам“ објавен на интернет порталот „Република“.**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинари е прекршен во членот 1, 10 и 11.

***Член 1***

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 10***

*„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 11***

*„Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.“*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2   1000 Скопје

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 25 август 2017 година, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" поднесе жалба за текстот со наслов „Се уништува семејството, се наметнува перверзија и нихилизам", објавен на 25 јули 2017 година, во 19:04 часот, на интернет порталот „Република" (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека медиумот во текстот се служи со говор на омраза против лицата со хомосексуална ориентација, притоа стигматизирајќи ги нехетеросексуалците преку изјави кои имаат за цел создавање ирационален страв од овие лица кај јавноста и поттикнување вербално и физичко насилство кон истите.

*„Во текстот има пасуси со кои се врши манипулирање и извртување на темата за правата на хомосексуалците, преку нејзино ставање во ист контекст со темата за педофилијата. Спорно е што медиумот одлучил за оваа тема да побара мислење од свештеник, имајќи предвид дека согласно Уставот, Р.Македонија е секуларна држава што значи дека мислењата на религијата и религиските лидери немаат значење при креирањето на политики и закони",* посочува жалителот во жалбата.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Република" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Република" не одговорија на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата е **ОСНОВАНА.**

На седницата на 19.10.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст. Комисијата, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во него. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата утврди дека, имајќи ја предвид чувствителноста на темата и бранувањето кое истата го предизвикува во јавноста, медиумот требало, но не обезбедил мислење од сите засегнати страни, во случајов, и од претставници на ЛГБТ заедницата, со цел објективно информирање на јавноста. Со тоа, медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојува реченицата:
***„Сè почна со педофилите, продолжи со хомосексуалците, нивното право на брак и повторно во игра се чувствата на правата на децата – правото на посвојување деца од страна на родители од исти пол"***

Новинарот треба да обезбеди „втора страна“, односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во продолжение, членовите на Комисијата заклучија дека во текстот е прекршен и членот 10 од Кодексот на новинарите, во кој особено е нагласен насловот од текстот:

***„Се уништува семејството, се наметнува перверзија и нихилизам“***

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка). Обврска на новинарите и медиумите е да ги заштитат поединците од и групите од неправда и дискриминација извршени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија и од кој било друг.

Понатаму, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 11 од Кодексот на новинарите, во делот во кој се вели дека новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност. Затоа, новинарот е должен да ги парафразира или да се огради од навредлив јазик, промовирање стереотипи или дискриминација.

Членовите на Комисијата го разгледаа и делот од жалбата кој се однесува на коментарите на текстот, објавен на „FACEBOOK“ страницата на интернет порталот, но утврдија дека согласно Правилникот за работа, не се надлежни за содржини кои произлегуваат од социјалните мрежи. Во тој контекст, Комисијата ги повикува уредниците и администраторите во медиумите внимателно да ја следат содржината на коментарите и да ги отстрануваат кога тие во себе содржат говор на омраза или повикуваат на насилство од омраза.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

* Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки во врска со мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во точката Б. од препораката, посветена на говорот на омраза се вели: „Државите членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други

видови на дискриминација против лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица". Сите мерки треба да го почитуваат основното право на слобода на изразување во согласност со членот 10 од Конвенцијата и судската пракса на Судот.

* Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој забранува вознемирување како облик на дискриминација врз дискриминаторска основа (во случајов сексуална ориентација).

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

Се обврзува интернет порталот „Република" (www.republika.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595